# ЗАПИСНИК
## од 22. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 18.12.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска и Петар Џуровски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Виктор Павловски (годишен одмор).

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** д-р Ивана Стојановска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 22. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од 21. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2025 година.
2. Предлог-правилник за дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 21. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 12.12.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски објасни дека предложеното дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, претставува законско усогласување на Правилникот.

Советничката Гордана Мајнова изјави дека во врска со оваа точка очекува во текот на наредната година повторно да се отвори Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со предлози за одредени измени и дополнувања.

Претседателот Сашо Стефановски појасни дека статутот за работа на Агенцијата овозможува секој подзаконски акт, во секое време, повторно да биде разгледан и по потреба да се предложат измени или дополнувања.

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Правилникот за дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

Дополнувањето на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги произлегува од одредбата содржана во член 12 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според која членовите на Советот на Агенцијата се професионално ангажирани во Агенцијата, со полно работно време.

Правилникот за дополнување на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Правилникот за бруто плата и други надоместоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

**Разно**

Советот на Агенцијата едногласно донесе одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2025 година, на членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За исплата на надоместокот средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

Одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2025 година влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се реализира по исполнувањето на условот за исплата, почнувајќи од 25.12.2025 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**